**20250130334**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 12 став (8) од Законот за употреба на македонскиот јазик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/24), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНКУРСОТ ЗА СТИПЕНДИРАЊЕ НА СТУДЕНТИ ЗА ИЗУЧУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО СИТЕ ТРИ ЦИКЛУСИ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на конкурсот за стипендирање на студенти за изучување на македонскиот јазик во сите три циклуси на високото образование.

Член 2

Кандидатите за стипендирање на конкурсот од член 1 од овој правилник, пополнуваат електронска пријава и ја прикачуваат соодветната документација утврдена во конкурсот од член 1 од овој правилник, на интернет платформата https://e-uslugi.mon.gov.mk/.

Член 3

Комисиите за избор на кандидатите кои се пријавиле на конкурсот од член 1 од овој правилник:

- вршат проверка на електронската пријава и документацијата на кандидатите,
- изготвуваат конечен список на студентите на кои им се доделува стипендијата, кој се објавува на интернет страницата на Министерството за образование и наука,
- ги известуваат сите кандидати за изборот, преку платформата од член 2 од овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 18-807/1
15 јануари 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.